59468



САНАЦИЈАТА НА ДОМОТ НА УМЕТНОСТА НА КАЛЕ ВО ПОЛН ЕК

# Музејот на современа како нов во септември

**Оваа интервенција не значи само санација на покривот на Музејот, туку и поправка на галерискиот простор, вели Емил Алексиев, директор на МСУ**

ВЕСНА ИВАНОВСКА



Уметничките дела ќе добијат достојно место за презентација: галерискиот простор на МСУ

Музејот на современата уметност, на скопското Кале, ќе биде активен додека трае санацијата на објектот, но ќе биде намалено темпото на реализацијата на проектите. Поради градежните зафати, поголем дел од изложбите се закажани за последниот квартал од годинава. Емил Алексиев, директор на Музејот, се надева дека по рехабилитацијата, МСУ конечно ќе се издигне на рамниште на европските музеи.

- Тогаш Музејот на современата уметност ќе може нормално да ја остварува својата културна мисија на трансфер на врвните вредности во уметноста од земјава во светот и од светот во земјава - вели Алексиев.

Санацијата на најголемата институција за современа уметност во земјава и во регионот почна пред еден месец. За поправки се одделени 350 илјади евра, дел од донацијата од 3 милиони евра што италијанската влада ѝ ги додели на Македонија. Деновиве се прават интервенции на покривната конструкција. Откако ќе биде саниран покривот, ќе се поправа галерискиот простор.

- Ќе бидат заменети истрошените и несоодветни инсталации и ќе бидат обезбедени системи за професионално осветлување, за создавање микроклиматски услови во дел од изложбените сали и во депоата. Ќе биде поставено и електронско обезбедување во дел од галерискиот простор - објаснува Алексиев.

Надлежна за спроведување на целата постапка е Меѓународната агенција ИМГ. Преку неа се имплементираат парите и се реализира проектот. ИМГ објави конкурс на кој се јавиле повеќе градежни фирми. Како најповолен понудувач за изведба на градежните работи е избрана фирмата „ВИА Вевчани“.

Градежните работи треба да траат шест месеци, но според Алексиев, работите веројатно ќе завршат до септември. Тогаш МСУ ќе биде заштитен од натамошно пропаѓање и ќе му биде вратена оригиналната функција.

Според Паоло Леони, шеф на мисијата од ИМГ, со донацијата од 350 илјади евра ќе биде саниран покривот на Музејот кој со години прокиснува. Но, тој нагласи дека проектот за целосна рехабилитација чини околу 750 илјади евра. Останатиот дел од сумата треба да ги обезбедат нашето Министерство за култура и Музејот на современа уметност.

На прашањето дали веќе се прават напори за да се обезбедат останатите 400.000 евра, за да не остане Музејот само половина поправен, Алексиев вели:

- Неопходно е да се обезбедат пари за да се доврши проектот за рехабилитација на Музејот. Ќе се обидеме да обезбедиме нови донации од странство, а очекуваме поддршка и од нашето Министерство за култура. Нашите приоритети се јасни: да се ревитализира објектот, да се создадат услови за трајна поставка на дела од збирката и да се уреди непосредното опкружување на Музејот - Паркот на скулптурата.

Во МСУ се чуваат повеќе од 5.000 домашни и странски уметнички дела, некои од нив со исклучителна вредност. Трајната поставка на Музејот последен пат била изложена во 1991 година. Оттогаш никој не се дрзнал да ризикува и да ги изложи вредните уметнички дела како колекција. ■